Бр./Nr 12-2000/4

22-10-2025 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), членот 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 23-тата седница одржана на ден 13.10.2025 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-2000/1 од 21.07.2025 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што предмет на пријавата е барање за постапување кое е во надлежност на друг државен орган.

Предметот со број 12-2000/1 од 21.07.2025 година да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-2000/1 од 21.07.2025 година е оформен врз основа на поднесена пријава од страна на Министерството за труд и социјална политика – ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи на град Скопје.
Изнесените наводи во пријавата се однесуваат на сомнежи за искористување и злоупотреба на службената положба и овластување на службени лица во тогашното Министерство за Урбанизам, градежништво и сообраќај во врска со двојна продажба на државен стан, кое било во поранешна сопственост на лицето --------. Пријавата истовремено е доставена и до Владата на Република Северна Македонија и до Државен правобранител на Република Северна Македонија.

Наведено е дека во 1992 година, од страна на -------- почината на 08.02.2000 година, законска сопруга на ------- роден 1924 година, а починат на --.--.1987 година, кој бил

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut

воено лице во тогашната ЈНА склучувал Договор за купопродажба на стан со Министерството за одбрана на РСМ број ---- од --.--.1992 година, и дека станот бил во целост исплатен од страна на купувачот, ---------.
Купувачот -------- непречено живеала во станот со нејзините ќерки се до својата смрт на 08.02.2000 година.
Исто така наведено е дека од страна на Агенцијата за катастар на недвижности на РСМ не била запишана сопственоста на станот на ---------, Министерството за урбанизам, градежништво и сообраќај врз основа на акт на Влада на РСМ, склучил втор Купопродажен Договор број ------/1292 од --.--.1993 година со друго лице иако истото било во сопственост на ----------.
Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Кон пријавата доставени се прилози.

По увидот во содржината на пријават и доказите приложени во истото, ДКСК утврди дека нема елементи за надлежно постапување од причина што во конкретниот случај се работи за решавање на имотно – правно прашање кое спаѓа во судска надлежност, и поради тоа подносителот може да побара судска заштита на правата со покренување на имотно-правен спор пред надлежен Суд.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Заменик –претседател**

**м-р Цвета Ристовска**

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: Б.Ц., Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата